****************************************************************************************************

# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 1 Година 2022* | *Претплата за 2022 година*
*12.01.2022 година* | *изнесува _____________ денари*
*Кратово* | *Тек. Сметка бр. _____________*

****************************************************************************************************

**Содржина** **Стр.**


- Решение за разрешување на функцијата
Директор на Музеј на град Кратово ........................................................................ 1
- Решение за именување на ВД Директор
на Музеј на град Кратово ....................................................................................... 1
- Решение за разрешување Директор на Јавното претпријатие
за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово................................. 2, 3, 4
- Одлука за именување на вршител на должноста
Директор на Јавното претпријатие за комунални
дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово ................................................................. 4

************************************************************************************************

Врз основа на член 11 став (2) од Законот за музеите ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/21), член 15 став (3) точка 1 од Статутот на ОУ "Музеј на град Кратово" бр.01-127 од 14.05.2015 година и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на функцијата Директор на Музеј на град Кратово**

1.**Илија Митевски,** досегашен Директор на Музеј на град Кратово се разрешува од функцијата**.**

2.Решението се донесува поради поднесена лична оставка на функцијата Директор.

3.Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот на Општина Кратово на 12.11.2021 година донесе Решение за разрешување на Илија Митевски од функцијата Директор на Општинската установа на Музеј на град Кратово, поради поднесена лична оставка заведена под архивски број 08-1305/1 на 12.11.2021 година до Градоначалникот на Општина Кратово.

Согласно надлежностите пропишани со член 11 став (2) од Законот за музеите и член 15 став (3) точка 1 од Статутот на Установата, Градоначалникот на Општина Кратово донесе Решение како што е наведено во диспозитивот.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивот

**08 - 1305/2** **Градоначалник**
**12.11.2021 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 11 став (12) од Законот за музеите ("Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/21) и член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на Музеј на град Кратово**

1. За ВД Директор на Општинската Установа Музеј на град Кратово се избира **Драган Георгиевски,** вработен во установата со мандат од 6 месеци.

2. Изборот по ова решение ќе тече од 15.11.2021 година.

3. Решението влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот на Општина Кратово донесе Решение за именување на Драган Георгиевски за ВД Директор на Општинската установа на Музеј на град Кратово, по поднесена лична оставка од страна на актуелниот Директор.

Согласно надлежностите пропишани со член 11 став (12) од Законот за музеите и надлежноста согласно член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа, Градоначалникот на Општина Кратово донесе Решение како што е наведено во диспозитивот.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивот.

**08 - 1333/1** **Градоначалник**
**15.11.2021 година** **на Општина Кратово**
**Кратово** Тодорче Николовски, с.р.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРАТОВО**
**Бр.08-40/3**
**11.01.2022 год.**
**КРАТОВО**

Врз основа на член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), и член 23 став (3), 23-а и 24 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19) како и член 34, 36 и 37 од Статутот на ЈП "Кратово", Градоначалникот на Општина Кратово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**Член 1**

Тодорче Кировски се разрешува од функцијата Директор на Јавното Претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово.

На директорот Тодорче Кировски му се прекинува Менаџерскиот договор бр.04-884/9 од 16.10.2020 година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Градоначалникот Љупчо Бојаџиев врз основа на јавен Оглас за избор на Директор на Јавното претпријатие ЈПКДИ Кратово бр.04-884/1 од 14.09.2020 година го избра Тодорче Кировски од с. Шлегово и покрај констатацијата во Записник на Комисијата за селекција и предлог за избор на кандидат дека кандидатот Тодорче Кировски не го исполнува критериумот да поседува минимум 5 години работно искуство, со кого има склучено и Договор за уредување на правата, одговорностите и овластувањата меѓу општина Кратово и Директорот на ЈПКДИ бр.04-884/9 од 16.10.2020 година.

Согласно член 24-а, став 1 точка 6 и точка 8 од Законот за Јавните Претпријатија, директорот се разрешува пред истекот на мандатот ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од овој закон и ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и 4 и членот 7а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страната на јавното претпријатие.

Согласно член 10 став 1 точка 7 и 9 од Менаџерскиот/Договорот за уредување на правата, одговорностите и овластувањата на Директорот му престанува работниот однос и пред истекот на мандатот ако ги занемарува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие и доколку има недостатоци односно загуби во финансиското работење.

Согласно член 15 и 16 од Менаџерскиот/Договорот за уредување на правата, одговорностите и овластувањата овој Договор престанува со решението за разрешување на Директорот од страна на Градоначалникот.

Состојбите од непостапувањето согласно член 5 став 3 и 4, член 7а, член 23-а став 1 и 4 од Законот за јавни претпријатија односно недоставувањето на тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење во рок од 20 дена по истек на тримесечјата до основачот и необјавувањето на истите на веб страница во утврдениот рок од 30 дена по истек на тримесечјето, како и занемарување на обврската да на секои 6 месеци се доставува извештај за работата на Јавното претпријатие до Градоначалникот на општината се општо познат факт и истите беа констатирани од службите во архивската евиденција и прегледите на веб страниците, меѓутоа во поткрепа на ова со Решение бр.08-40/1 од 05.01.2022 година беше формирана и Комисија за контрола на законитоста и постапувањето во делот на обврските за објавување на тримесечните извештаи и доставувањето на шест месечни извештаи за работата на ЈПКДИ до градоначлникот на општината.

Комисијата со Записник бр.08-40/2 од 05.01.2022 година констатираше дека Директорот на ЈПКДИ Кратово не постапува согласно прецизно утврдената законска обврска и должност да ги објавува тримесечните извештаи кој содржат показатели за финансиското работење на веб страница на јавното претпријатие и нема доставувано шест месечен извештај Извештај за работењето на јавното претпријатие до Градоначалникот на општина Кратово.

**Доказ/прилог:**

- Решение за формирање на Комисија за контрола на законитоста и постапувањето на јавното претпријатие согласно одредби од Законот за јавни претпријатија бр.08-40/1 од 05.01.2022
- Записник од одржан состанок и утврдување на фактичка состојба на Комисијата, бр.08-40/2 од 05.01.2022 со прилог "Print Screen" од веб страна на ЈПКДИ.

Градоначалникот констатира и дека Директорот ги занемарува или не ги извршува обврските од својата надлежност како и дека подолго време нема постигнато позитивни резултати од очекуваното со што веќе се настанати нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие.

Имено согласно Договор за одржување на улично осветлување во градот и селата бр.08-1708/1 од 01.11.2019 година и Одлука на Советот на општина Кратово бр.09-1045/1 од 28.06.2019 одржувањето на уличното осветлување во градот и селата е отстапено и е обврска на ЈПКДИ Кратово, меѓутоа активности во оваа насока нема веќе подолго време, службите од ЈПКДИ веќе подолго време немаат требувано материјали за улично осветлување кое нешто може да се види од приложената конто картица од Општина Кратово каде јасно се гледа дека од март месец наваму кога износот на фактурата за материјали за улично осветлување е 378.645,00 денари драстично се намалуваат износите за да после 03.08.2021 година кога износот е 55.623,00 денари воопшто се нема набавувано материјали за улично осветлување. Исто така официјално од 07.11.2021 нема ниту еден налог даден од страна на Директорот за замена на улични сијалици во градот и селата и воопшто не се извршуваат обврските на Јавното претпријатие од оваа дејност а општината плаќа огромни износи по фактури за одржување на истото иако ЈПКДИ нема никаква реализација во овој дел а вработените електричари земаат незаработена плата поради што и не стивнуваат поплаките и преставките на граѓаните и правните субјекти за изгорени улични сијалици и други дефекти од сверата на уличното осветлување.

**Доказ/прилог:** Картица за конто 2200 (Марива Инвест Дооел), фактури за материјали за улично осветлување.

Врз основа на Кварталниот извештај за периодот од 01.01.2021 до 30.09.2021 година може да се види дека ЈПКДИ "Кратово" од Кратово работи со загуба од 576.689 денари или една тринаестина од вкупниот приход.

Од вкупните приходи од работењето во износ од 7.757.899 за плати и надоместоци на вработените се потрошени 6.338.077 денари или 82%. Ако на тоа се додадат трошоците за Договор за дело во износ од 467.889 денари и за регрес ( кој е исплатен незаконски за време на забрана на исплати во период на донесена одлука на распишани избори ) 433.420 денари, тогаш трошоците за вработени (редовно вработени и по договори) + трошоците за сметководствени услуги од 90.000 денари зафаќаат 94% од вкупните приходи во работењето.

Просечна исплатена бруто плата за третиот квартал изнесува 27.086 денари (6.338.077/9/26).

По квартали: За првиот квартал се исплатени бруто плати и надоместоци во износ од 1.926.084 или 74% од вкупните приходи (2.596.361), просечна исплатена плата во износ од 23.779 денари (1926084/3/27). За вториот квартал се исплатени 4.177.296 денари или 80% од вкупните приходи (5.198.465), просечна исплатена плата во износ од 25.786 денари. Од ова се забележува дека има покачување на платите за околу 14% во услови кога се работи со загуба.

Краткорочните побарувања на крајот од третиот квартал изнесуваат 2.534.195 денари. Немаме податок колкав е процентот на наплата, но ако се спореди со вкупниот приход за периодот од 7,757.899 изнесува околу 33%.

На целокупната оваа ситуација треба да се земе во предвид битниот факт дека Општина Кратово учествува во финансирањето на ЈПКДИ со вкупен износ од 1.537.269 денари или со 20% од вкупните приходи.

Заради сето погоре, наведени недоследности, Градоначалникот на општина Кратово, одлучи како што е наведено во диспозитивот на Решението.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, преку Градоначалникот на Општина Кратово до Комисијата за решавање на прашања од областа на работните односи во втор степен при Владата на РМ.

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), и член 24-а став (3) од Законот за Јавните Претпријатија ("Сл. весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Градоначалникот на Општина Кратово, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување на вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

1. За вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, се именува **Рате Јовановски.**

2. Мандатот на вршителот на должноста Директор од точка 1 трае до избор на директор на оваа установа преку јавен оглас, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Одлуката стапува на сила на 12.01.2022 година и ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

***О б р а з л о ж е н и е***

Поради потреба од пополнување на работното место Директор на Јавното Претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, согласно член 24-а став (3) од Законот за Јавните претпријатија а во врска со донесено Решение за разрешување на Директорот со бр.08-40/3 од 11.01.2022 година, Градоначалникот на општина Кратово, одлучи како што е наведено во диспозитивот на Одлуката.

Одлуката се донесе како што е наведено во диспозитивнот.

**08 - 69/1**
**12.01.2022 година**
**Кратово**

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Тодорче Николовски, с.р.